*Проф Герман Боглев*
*Проф Христо Петров*
*Проф Тони Караколев*
*Професионално вработени ФУСМ*

# СИСТЕМИ НА НАТПРЕВАРИ ВО УЧИЛИШНИОТ СПОРТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Сегашниот систем на натпревари во рамките на училишниот спорт на Република Македонија предвидува спрема Пропозициите неколку фази на натпревари и тоа:

- во првата фаза се опфатени меѓуодделенските натпревари во рамките на едно училиште,
- во втората фаза се опфатени натпреварите на општинско ниво,
- во третата фаза се натпреварите во Зоната,
- четврта фаза се натпреварите помеѓу Зоните, и
- петтата фаза се завршните натпревари Државни првенста за младинци и пионери, каде секоја втора година наизменично се одржуват Мали олимписки игри за младинци или т.к.н. Гимназијада, а за пионери Олимпијада.

На натпреварите земаат учество само редовно запишаните ученици во текот на учебната година.

Во првата фаза од системот на натпреварување во училишниот спорт, се меѓуодделенските натпревари во рамките на едно училиште, од кои се формира училишната екипа во дадената спортска дисциплина. Овие меѓуодделенски натпревари не се задолжителни, бидејќи училишната спортска екипа која ќе учествува на општинските натпревари, може да биде формирана и од членовите на спортската секција на училиштето за таа спортска дисциплина.

Со Пропозициите кои се во сила, на Државните првенста за младинци-ки и пионери-ки учествуваат по шест екипи од целата држава и тоа една екипа од градот домаќин, првопласираната екипа од град Скопје и уште четири екипи кои се добиваат преку меѓузонските бараж натпревари меѓу осумте зони.

Република Македонија е поделена на 8 (осум) зони, каде во секоја зона гравитираат приближно 4 до 5 општини.

Откако ќе се одржат општинските и зонските натпревари, победниците од зоните се стекнуваат со право да учествуваат во следната фаза на натпревари. Тоа се Меѓузонските натпревари на кои учествуваат победниците на осумте зони, кои преку еден БАРАЖ натпревар на неутрален терен, го даваат учесникот на Државните финални првенства. Од материјално-финансиска причина Меѓузонските БАРАЖ натпревари се одредени на следниот начин.

Осумте зони во Република Македонија се поделени во две групи и тоа према географската положба. Во група "А" се Скопје, Охрид, Тетово и Битола, додека во група "Б" се зоните Кочани, Велес, Куманово и Струмица. Со жреб е утврдено да во учебната 2002/2003 г. меѓузонски бараж средби ќе бидат помеѓу зонските победници од групата "А" Скопје - Битола и Охрид - Тетово, додека во групата "Б"

противници во бараж натпреварот ќе бидат Кочани - Струмица и Велес - Куманово.

Врз основа на жрепката, се знаат и Меѓузонските бараж натпревари за сезоната 2003/04 год. и тоа во група "А" Тетово - Битола и Скопје - Охрид, додека во група "Б" Струмица - Куманово и Кочани - Велес и на крај во учебната 2004/05 год. во група "А" се среќаваат Охрид - Битола и Тетово - Скопје, додека во група "Б" играат Велес - Струмица и Куманово - Кочани.

Поради големината на градот, бројот на учениците, училиштата и квалитетот е одлучено да победниците во екипните спортови за сите категории на зона-град Скопје, да учествуваат на Државните првенства со директен пласман без учество во бараж натпревари, додека второпласираната екипа од Скопје ја преставува зоната Скопје во бараж натпреварите.

## 1 ДРЖАВНИ ПРВЕНСТА - ГИМНАЗИЈАДА И ОЛИМПИЈАДА

На Државните првенства за основните и средните училишта, односно на Гимназијадите и Олимпијадите, се применува веќе неколку години уходениот систем на натпревари, според кој во екипните спорттови екипите шесте екипи учеснички со непосреден жреб на учесниците се поделени во две групи "А" и "Б" по три екипи во секоја група.

Во групите се игра во бод ситем, секој со секого по Бергеровата таблица. По одигрувањето на натпреварите во групите (вкупно 6 натпревари или по 3 натпревари во двете групи), третопласираните екипи разигруваат меѓусебе за 5-то односно 6-то место, со што за нив завршува првенството. Прво и второпласираните екипи од двете групи, во рамките на полуфиналната фаза од натпреварите, играат вкрстено помеѓу себе и тоа првата екипа од група А со второпласираната екипа од група Б, односно првиот од група Б со вториот од група А. Поразените од овие два натпревари играат меѓу себе за пласман на 3 и 4 место, додека победниците играат за 1 и 2 место.

На овој начин се одигруваат вкупно 11 натпревари во времетраење од три дена (четврток попладне, петок предпладне и попладне и сабота предпладне).

Победниците од државните првенства за младинци-ки, имаат право да учествуваат на Светските училишни првенства за младинци-ки, доколку се предвидени со Меѓународниот календар за учебната година.

Ваквиот систем на натпревари на државните првенста функционира веќе неколку години и се покажа како добар, бидејќи учениците-спортисти во еден ден одигруваат најмногу по два натпревари и нема големи проблеми околу термините за користење на спортските објекти за овие натпревари.

## 2 МЕЃУЗОНСКИ БАРАЖ НАТПРЕВАРИ

Меѓузонските бараж натпревари помеѓу осумте зони, по однапред утврден жреб и распоред се играат на неутрален терен во еден натпревар. Така на пример, победниците на зоните Скопје - Охрид натпреварите може да ги играат во Прилеп, додека победниците на зоните Тетово и Битола да играат во Кичево и слично. На овие Меѓузонски натпревари, покрај неутралниот терен, неутрални се и судиите и делегатот, со што во целост се запазува неутралноста, фер и спортското натпреварување. Победниците на Меѓузонските бараж натпревари, се стекнуваат со право да учествуваат на Државните првенства, односно Гимназијади и Олимпијади. По правило Меѓузонските бараж натпревари, треба

да се одиграт најмалку 7 (седум) дена пред одржувањето на Државното првенство.

## 3 ЗОНСКИ НАТПРЕВАРИ

Зонските натпревари се одржуваат само во екипните спортови, на кои учествуваат победниците на општинските натпревари на општините кои гравитираат и членуваат во Зоната. Исклучок е единствено атлетиката и тоа Зонски натпревари во атлетика се одржуваат само за учество на Гимназијада или Олмпијада, на кои се пласираат само првите два пласирани натпреварувачи во секоја дисциплина. Вообичаено една Зона ја сочинуваат од 3 до 5 општински сојузи, односно општински региони.

Доколку на зонските натпревари настапат три екипи, најдобро е да одиграат турнир секој со секого, каде победникот се прогласува спрема правилата на соодветната спортска федерација. Доколку учествуваат четири екипи, најдобро е да се одиграат два полуфинални натпревари според предходно извршената жрепка и Бергеровата таблица 1-4 и 2-3, по кои поразените играат за трето место, додека победниците од полуфиналните средби играат за прво и второ место. Зонските натпревари, од финансиски и временски причини се одржуваат и одигруваат во еден ден. Терминот и местото на одржувањето на Зонските натпревари го одредуваат самите членки на Зоната, со меѓусебен договор и состанок, но Зонските натпревари треба да се одржат и одиграт најмалку седум дена пред одржубањето на Меѓузонските бараж натпревари. Натпреварите се играат на едно место, доволно е да ги судат една судиска двојка, а времетраењето на натпреварите е приближно 4 до 5 часови. Пожелно е секоја година домаќин на општинските натпревари да биде друг град од Зоната, односно спортските игри да бидат поделени во различни градови од Зоната согласно условите и можностите што ги имаат градовите и нивниот интерес, за да не се случи едни градови да бидат стално домаќини а други само гостуваат.

## 4 ОПШТИНСКИ НАТПРЕВАРИ

Ако за државните, зонските и меѓузонските натпревари системот на натпревари кој е во сила се покаже како најдобар, тоа правило за натпреварите на Општинско ниво не важи, бидејќи тука од општина до општина постои шаренило како во однос на бројот на учесниците, така и со условите со кои располага општината.

Затоа ако се сака општинските натпревари да бидат добро и успешно организирани треба да се испочитуваат неколку фактори и тоа:

1. Бројот на екипите, односно поединците што ќе земат учество на општинските натпревари,
2. Условите односно материјалната база со која располага општината за одржување на натпреварите,
3. Финансиските можности на Општинскиот сојуз на училишен спорт како организатор на натпреварите, и
4. Времетраењето на натпреварите

Сите овие фактори треба да влијаат за тоа кој систем на натпревари ќе се одлучиме да ги примениме во било која спортска гранка како кај екипните, така и кај поединечните спортови.

Во досегашната пракса на натпревари во училишниот спорт се познати и применуваат следните системи на натпревари:

- КУП систем (со и без носители) испаѓање до крај,
- БЕРГЕРОВ систем (турнирски секој со секого),
- РЕПАСАЖ (испаѓање после два изгубени натпревари),
- КОМБИНИРАН (турнирски по групи, потоа КУП испаѓање до крај),
- ЛИГА систем,
- ПЛЕЈ-ОФ систем.

Пред да се определиме за кој систем да го примениме треба да се знае дека бројот на натпреварите е различен кај секој од системите, па према тоа и времетраењето ќе биде различно.

- КУП систем. Бројот на натпреварите е еднаков на бројот на учесниците намален за еден. Пример, при 32 играчи ќе се одиграат 31 натпревар.

- БЕРГЕРОВ систем. Бројот на натпреварите се пресметува по формулата: $\frac{M.(M-1)}{2}$, каде М е бројот на учесниците. На пример при 10 учесника ќе се одиграат $\frac{10.(10-1)}{2} = 45$ натпревари.
- РЕПАСАЖ - испаѓање после два порази. Бројот на натпреварите се пресметани по формулата (2 x М) - 2 каде М е бројот на учесниците. Пример при 6 екипи ќе се одиграат (2 x 6) - 2 = 10 натпревари.
- ЛИГА системот може да биде еднокружен и двокружен, а се пресметува исто по Бергеровата таблица.
- ПЛЕЈ-ОФ системот преставува доигрување на одреден број на екипи со уште неколку натпревари но засега овој систем не се применува во училишниот спорт.

Ако знаеме колку екипи ќе земат учество, со каква материјална база располагаме, колкави ни се финансиските можности и колку време имаме на располагање за реализирање на натпреварите, многу по лесно ќе ни биде да го одредиме и најадекватниот систем на натпревари.

Во екипните спортови некои општини доколку имаат квалитетни, добри и изедначени екипи во било која спортска игра, можат да организираат ЛИГА-СИСТЕМ како турнири на кои би се играло по неколку натпревари еднокружно или двокружно на принципот дома-гости секое училиште е домаќин во својата сала и гостува на другото училиште. Бројот на натпреварите се одредува према Бергеровата таблица како што кажавме погоре.

## ПОЕДИНЕЧНИ СПОРТОВИ

**Понг-понг** - Доколку на општинското првенство се пријаваат над 60 (шеесет) играчи во конкуренција на пионери и пионерки за успешна организација е потребно да имаме сала со минимум 4 маси. На 2 маси би играле машките, на другите две женските. При толкав број на играчи се препорачува да се примени

системот - КУП на испаѓање до полуфинале. При тоа треба да се внимава четирите најдобри играчи да се поставaт како носители на местата 1, 16, 32 и 64 со претходен жреб како неби играле меѓусебе пред четвртфиналните средби. Кога ќе останат 4 играчи се препорачува да се одигра турнир секој со секого по Бергер за утврдување на пласман од 1 до 4 место. При помал број на играчи се препорачува формирање на две групи по 5-6 играчи. Во првата фаза се игра секој со секого по Бергер. Првопласираните од групите разигруваат за 1-2 место, второпласираните за 3-4 место и третопласираните за 5-6 место.

**Стрелаштво** - Општинските натпревари се одржуваат во еден ден, приближно за 4 - 5 часа. Потребно е стрелана со 5 до 10 места, а натпреварувачите пукаат по една серија од 20 + 5 дијаболи за време од 45 минути. Се применуваат правила на Стрелачката федерација на Р. Македонија.

**Шах** - Општинските натпревари се играат по швајцарски систем - Бухолц правило. При помал број на играчи може да ќе организира и турнирски секој со секого со ограничено време од 30 минути за секој играч. Во сите случаеви се применуваат правилата на Шаховската федерација на Р. Македонија.

**Борење-Карате** - Према пропозициите на Боречката и Карате федерација на Македонија, се определуваат категории а потоа се одржуваат борби со елиминација до крај. За сите поединечни спортови најмеродавни се препораките и советите од соодветната федерација.

## *КОЛЕКТИВНИ СПОРТОВИ*

**Кошарка** - Општинските натпревари во кошарка се популарни и привлекуваат голем број на учесници. Во малите општини каде бројот е ограничен на 4 - 6 екипи се препорачува да се игра турнирски секој со секого по Бергер. При 4 учесника ќе се одиграат 3 кола по 2 натпревари или вкупно 6 натпревари. Ако на располагање имаме еден терен најдобро е да се игра по 2 натпревари на ден, така да во 3 дни турнирот ќе заврши. Во општините каде има голем број на екипи на пример 16 се препорачува да се игра КУП систем на елиминација до крај. Вкупно ќе се одиграат 15 натпревари. Од како ќе се изврши жребувањето, се определува саатницата на одигрување на натпреварите. Ако на располагање имаме еден терен најдобро е натпреварите да се одиграат во 5 дена и тоа по следниот редослед:

1 ден - четири натпревари, 2 ден четири натпревари, 3-от ден четири натпревари, 4-от ден 2 полуфинални натпревари и 5-от ден поразените од полуфиналните натпревари играат за 3-4 место, а победниците за 1-2 место.

Доколку на располагање имаме 2 игралишта времетраењето се скратува на 3 дена.

Во Скопје град со повеќе општини, се препорачува победниците од сите општини во лига систем меѓу себе одлучат за редоследот од 1-6 место, или ако се повеќе екипи прво да се поделат во две групи, па од како ќе се одржат натпреварите во групите (турнирски) по Бергер, победниците од групите одлучат во меѓусебна средба за 1-2 место, второпласираните разигруваат за 3-4 место и третопласираните за 5-6 место.

Во случај да има помал број на екипи и ако се има на располагање два до три кошаркарски терена, при екипи со изедначен квалитет се препорачува да се примени системот - Репасаж.

**Одбојка** - Како и кај кошарката и овдека се препорачува во општини каде бројот на екипите е од 4 - 6 во било која категорија, да се игра турнирски секој со секого по Бергер. При 4 екипи ќе се одиграат 6 натпревари, додека при учество

на 6 екипи по Бергер ќе се одиграат 15 натпревари и во тој случај е потребно да има 2 терени за одбојка. Меѓутоа при учество на повеќе од 6 екипи Бергеровиот систем не се препорачува, бидејќи изискува повеќе терени на располагање и доста долго време траење, а со тоа се зголемуваат и финансиските трошоци, па затоа се препорачува КУП системот на елиминација до крај или Репасаж системот.

При 6 учесника може да се примени следниот систем на игра. Екипите се делат на две групи по три учесника. Се игра секој со секого во групата со вкупно 6 натпревари во првиот ден. Вториот ден се разигрува за пласман и тоа третопласираните за 5-6 место, второпласираните за 3-4 место и првопласираните за 1-2 место.

Во општините со развиена одбојка каде што има по 4 - 6 екипи во секоја категорија со изедначен квалитет и ако се има на располагање добра материјална база (секое училиште има сала за одбојка) пожелно е да се игра лига-систем еднокружно ЕСЕН - ЗИМА.

**Ракомет** - Општинските натпревари во ракомет со учество на поголем број на екипи се препорачува да се игра вКУПг систем на елиминација до крај. Во општините каде има 2 до 3 училишни екипи пожелно е да играат турнирски секој со секого двокружно ЕСЕН - ПРОЛЕТ. Овој спорт за разлика од кошарката и одбојката е малку по груб и повредите се почести па затоа и не се препорачува една екипа во еден ден да одигра повеќе натпревари, доколку се наложи да се игра тогаш треба да се води сметка ако првиот натпревар екипата го одигра предпладне, вториот да го игра попладне.

**Фудбал** - И кај основните и средните училишта МАЛИОТ ФУБДАЛ е најпопуларен и се карактеризира со голем број на учество. Скоро сите училишни екипи се пријавуваат за учество. За да се олесни работата се препорачува во општините со голем број на пријавени екипи да се поделат екипите по географска положба на региони. На пример една општина може да биде поделена на централен регион во кој ќе бидат вклучени екипите од градското подрачје, северен регион - ќе бидат вклучени екипите од северниот крај и јужен регион во кој ќе бидат вклучени екипите од јужниот дел на општината. Пожелно е во секој регион да има еднаков број на екипи. Во првата фаза се одржуваат турнирите по региони. При поголем број на екипи се игра КУП на испаѓање до крај.

Доколку во трите региони настапувале исти број на екипи тогаш на финалниот турнир се покануваат да земат учество првите две екипи од сите региони односно 6 екипи. Доколку во регионите имаме помал број на екипи во однос со бројот на екипите во централното градско подрачје тогаш на завршниот турнир ќе земат учество првопасираните од северниот и јужниот регион и првите две екипи од централното подрачје. Доколку играат четири екипи на финалниот турнир се препорачува полудиригиран жлеб каде во полуфиналните средби ќе се сретнат двете екипи од центар против екипите од север и југ. Тоа се прави од причина да не се паднат да играат меѓусебе градските екипи кои веќе еднаш ги одмериле силите во првата фаза на натпревари. Поразените од полуфиналните средби играат за 3-4 место, додека победниците за 1-2 место.

Во случај да на финалниот натпревар настапуваат 6 екипи тогаш исто така со полудиригиран жреб се делат на две групи . В секоја група има по една екипа од центар, север и југ. Во двете групи екипите играат секој со секого по Бергер каде ќе се одиграат вкупно 6 натпревари. Наредниот ден ќе се одиграат 3 натпревари

за пласман и тоа: третопласираните за 5-6 место, второпласираните за 3-4 место и победниците за 1-2 место.

За сите спортски дисциплини кои не се спомнати, упатство за најдобриот систем на натпревари дава соодветната федерација.

Бидејќи во предлог системот на натпревари се спомна и РЕПАСАЖ натпревари, па во прилог ви прикажуваме неколку примери:

1. ***Репасаж систем со 5 учесника***




Екипите со жреб се поставуваат на бројките 1, 2, 3, 4 и 5. Со букви се означени поразените екипи во првото коло и местото од каде ги продолжуваат натпреварите. При 5 учесника ќе се одиграат 8 натпревари, меѓутоа екипа што победува може во третото коло да игра во финалето додека екипа што изгуби еден натпревар за да стигне во финале мора да одигра еден или два натпревари повеќе.

2 ***Репасаж систем со 6 учесника***



При 6 учесника ќе се одиграат вкупно 10 натпревари, а со црвените бројки е означен редоследот на одигрување на натпреварите, за да недојде една екипа да игра два натпревари едно подруго.

Овдека се прикажани шемите од 5 и 6 учесника во РЕПАСАЖ системот на натпревари, а по потреба ФУСМ располага со шемите за Репасаж системот при седум, осум, девет, десет, единаесет, дванаесет, тринаесет и т.н. учесници.

РЕПАСАЖ системот е особено погоден за примена кога се има поголем број екипи-учесници (на пр.9,10,11,12,14,15 или 16 екипи) а малку време на располагање (два-три-четири дена), па затоа неможе да се игра по бод систем. Со Репасаж системот и се овозможува на секоја екипа да одигра најмалку два натпревари, што секако не е случај ако се игра по Куп систем на испаѓање.

Во продолжение Ви ги презентираме шемите на РЕПАСАЖ системот со повеќе екипи учесници:

Во прилог на овој материјал Ви ги презентираме и другите системи и шеми на натпреварување како што се:

1. БЕРГЕРОВАТА ТАБЛИЦА - за бод систем, односно лига систем на натпреварување,
2. КУП СИСТЕМ - со испаѓање до крај за повеќе екипи,
3. СИСТЕМ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО БОРЕЧКИТЕ СПОРТОВИ,
4. СИСТЕМ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО ПИНГ-ПОНГОТ

## Б Е Р Г Е Р О В И  Т А Б Л И Ц И

*Со 3 и 4 учесници:*

| | | |
|---|---|---|
| 1 коло: | 1-(4) | 2-3 |
| 2 коло: | (4)-3 | 1-2 |
| 3 коло: | 2-(4) | 3-1 |

*Со 5 и 6 учесници:*

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 коло: | 1-(6) | 2-5 | 3-4 |
| 2 коло: | (6)-4 | 5-3 | 1-2 |
| 3 коло: | 2-(6) | 3-1 | 4-5 |
| 4 коло: | (6)-5 | 1-4 | 2-3 |
| 5 коло: | 3-(6) | 4-2 | 5-1 |

*Со 7 и 8 учесници:*

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 коло: | 1-(8) | 2-7 | 3-6 | 4-5 |
| 2 коло: | (8)-5 | 6-4 | 7-3 | 1-2 |
| 3 коло: | 2-(8) | 3-1 | 4-7 | 5-6 |
| 4 коло: | (8)-6 | 7-5 | 1-4 | 2-3 |
| 5 коло: | 3-(8) | 4-2 | 5-1 | 6-7 |
| 6 коло: | (8)-7 | 1-6 | 2-5 | 3-4 |
| 7 коло: | 4-(8) | 5-3 | 6-2 | 7-1 |

*Со 9 и 10 учесници:*

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 коло: | 1-(10) | 2-9 | 3-8 | 4-7 | 5-6 |
| 2 коло: | (10)-6 | 7-5 | 8-4 | 9-3 | 1-2 |
| 3 коло: | 2-(10) | 3-1 | 4-9 | 5-8 | 6-7 |
| 4 коло: | (10)-7 | 8-6 | 9-5 | 1-4 | 2-3 |
| 5 коло: | 3-(10) | 4-2 | 5-1 | 6-9 | 7-8 |
| 6 коло: | (10)-8 | 9-7 | 1-6 | 2-5 | 3-4 |
| 7 коло: | 4-(10) | 5-3 | 6-2 | 7-1 | 8-9 |
| 8 коло: | (10)-9 | 1-8 | 2-7 | 3-6 | 4-5 |
| 9 коло: | 5-(10) | 6-4 | 7-3 | 8-2 | 9-1 |

## Со 11 и 12 учесници:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 коло: | 1-(12) | 2-11 | 3-10 | 4-9 | 5-8 | 6-7 |
| 2 коло: | (12)-7 | 8-6 | 9-5 | 10-4 | 11-3 | 1-2 |
| 3 коло: | 2-(12) | 3-1 | 4-11 | 5-10 | 6-9 | 7-8 |
| 4 коло: | (12)-8 | 9-7 | 10-6 | 11-5 | 1-4 | 2-3 |
| 5 коло: | 3-(12) | 4-2 | 5-1 | 6-11 | 7-10 | 8-9 |
| 6 коло: | (12)-9 | 10-8 | 11-7 | 1-6 | 2-5 | 3-4 |
| 7 коло: | 4-(12) | 5-3 | 6-2 | 7-1 | 8-11 | 9-10 |
| 8 коло: | (12)-10 | 11-9 | 1-8 | 2-7 | 3-6 | 4-5 |
| 9 коло: | 5-(12) | 6-4 | 7-3 | 8-2 | 9-1 | 10-11 |
| 10 коло: | (12)-11 | 1-10 | 2-9 | 3-8 | 4-7 | 5-6 |
| 11 коло: | 6-(12) | 7-5 | 8-4 | 9-3 | 10-2 | 11-1 |

## Со 13 и 14 учесници:

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 коло: | 1-(14) | 2-13 | 3-12 | 4-11 | 5-10 | 6-9 | 7-8 |
| 2 коло: | (14)-8 | 9-7 | 10-6 | 11-5 | 12-4 | 13-3 | 1-2 |
| 3 коло: | 2-(14) | 3-1 | 4-13 | 5-12 | 6-11 | 7-10 | 8-9 |
| 4 коло: | (14)-9 | 10-8 | 11-7 | 12-6 | 13-5 | 1-4 | 2-3 |
| 5 коло: | 3-(14) | 4-2 | 5-1 | 6-13 | 7-12 | 8-11 | 9-10 |
| 6 коло: | (14)-10 | 11-9 | 12-8 | 13-7 | 1-6 | 2-5 | 3-4 |
| 7 коло: | 4-(14) | 5-3 | 6-2 | 7-1 | 8-13 | 9-12 | 10-11 |
| 8 коло: | (14)-11 | 12-10 | 13-9 | 1-8 | 2-7 | 3-6 | 4-5 |
| 9 коло: | 5-(14) | 6-4 | 7-3 | 8-2 | 9-1 | 10-13 | 11-12 |
| 10 коло: | (14)-12 | 13-11 | 1-10 | 2-9 | 3-8 | 4-7 | 5-6 |
| 11 коло: | 6-(14) | 7-5 | 8-4 | 9-3 | 10-2 | 11-1 | 12-13 |
| 12 коло: | (14)-13 | 1-12 | 2-11 | 3-10 | 4-9 | 5-8 | 6-7 |
| 13 коло: | 7-(14) | 8-6 | 9-5 | 10-4 | 11-3 | 12-2 | 13-1 |

## Со 15 и 16 учесника:

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 коло: | 1-(16) | 2-15 | 3-14 | 4-13 | 5-12 | 6-11 | 7-10 | 8-9 |
| 2 коло: | (16)-9 | 10-8 | 11-7 | 12-6 | 13-5 | 14-4 | 15-3 | 1-2 |
| 3 коло: | 2-(16) | 3-1 | 4-15 | 5-14 | 6-13 | 7-12 | 8-11 | 9-10 |
| 4 коло: | (16)-10 | 11-9 | 12-8 | 13-7 | 14-6 | 15-5 | 1-4 | 2-3 |
| 5 коло: | 3-(16) | 4-2 | 5-1 | 6-15 | 7-14 | 8-13 | 9-12 | 10-11 |
| 6 коло: | (16)-11 | 12-10 | 13-9 | 14-8 | 15-7 | 1-6 | 2-5 | 3-4 |
| 7 коло: | 4-(16) | 5-3 | 6-2 | 7-1 | 8-15 | 9-14 | 10-13 | 11-12 |
| 8 коло: | (16)-12 | 13-11 | 14-10 | 15-9 | 1-8 | 2-7 | 3-6 | 4-5 |
| 9 коло: | 5-(16) | 6-4 | 7-3 | 8-2 | 9-1 | 10-15 | 11-14 | 12-13 |
| 10 коло: | (16)-13 | 14-12 | 15-11 | 1-10 | 2-9 | 3-8 | 4-7 | 5-6 |
| 11 коло: | 6-(16) | 7-5 | 8-4 | 9-3 | 10-2 | 11-1 | 12-15 | 13-14 |
| 12 коло: | (16)-14 | 15-13 | 1-12 | 2-11 | 3-10 | 4-9 | 5-8 | 6-7 |
| 13 коло: | 7(16) | 8-6 | 9-5 | 10-4 | 11-3 | 12-2 | 13-1 | 14-15 |
| 14 коло: | (16)-15 | 1-14 | 2-13 | 3-12 | 4-11 | 5-10 | 6-9 | 7-8 |
| 15 коло: | 8-(16) | 9-7 | 10-6 | 11-5 | 12-4 | 13-3 | 14-2 | 15-1 |

## ШЕМА НА КУП СИСТЕМ НА НАТПРЕВАРУВАЊЕ СО 16 УЧЕСНИКА



## РЕПАСАЖ СО 16 УЧЕСНИКА - 30 НАТПРЕВАРИ



## СИСТЕМ И ШЕМА ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ СО 7-8 НАТПРЕВАРУВАЧИ

| | Натпреварувач | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | сет | бод | Место |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | XX | | | | | | | | | | |
| 2 | | | XX | | | | | | | | | |
| 3 | | | | XX | | | | | | | | |
| 4 | | | | | XX | | | | | | | |
| 5 | | | | | | XX | | | | | | |
| 6 | | | | | | | XX | | | | | |
| 7 | | | | | | | | XX | | | | |
| 8 | | | | | | | | | XX | | | |

1 коло

| | | | | 1 сет | 2 сет | 3 сет | резулт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | 8 | | : | : | : | |
| 2 | | 7 | | : | : | : | |
| 3 | | 6 | | : | : | : | |
| 4 | | 5 | | : | : | : | |

2 коло

| | | | | 1 сет | 2 сет | 3 сет | резулт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | | 5 | | | | | |
| 6 | | 4 | | | | | |
| 1 | | 2 | | | | | |
| 7 | | 3 | | | | | |

3 коло

| | | | | 1 сет | 2 сет | 3 сет | резулт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | | 8 | | | | | |
| 3 | | 1 | | | | | |
| 5 | | 6 | | | | | |
| 4 | | 7 | | | | | |

4 коло

| | | | | 1 сет | 2 сет | 3 сет | резулт |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | | 6 | | | | | |
| 7 | | 5 | | | | | |
| 2 | | 3 | | | | | |
| 1 | | 4 | | | | | |

5 коло

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | | 8 | | | | | |
| 4 | | 2 | | | | | |
| 6 | | 7 | | | | | |
| 5 | | 1 | | | | | |

6 коло

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | | 7 | | | | | |
| 1 | | 6 | | | | | |
| 3 | | 4 | | | | | |
| 2 | | 5 | | | | | |

7 коло

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | | 8 | | | | | |
| 5 | | 3 | | | | | |
| 6 | | 2 | | | | | |
| 7 | | 1 | | | | | |

## ***ШЕМА ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ НА 3 БОРАЧИ-БОКСЕРИ***

КАТЕГОРИЈА ______кгр.

| | Име и презиме | Клуб - екипа |
|---|---|---|
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |




## ***ШЕМА ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ НА 6 БОРАЧИ-БОКСЕРИ***

КАТЕГОРИЈА ______ кгр.

| | Име и презиме | Клуб - екипа |
|---|---|---|
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |
| 4 | | |
| 5 | | |
| 6 | | |



## ШЕМА ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ НА 6 БОРАЧИ-БОКСЕРИ

КАТЕГОРИЈА ______ кгр.

| | Име и презиме | Клуб - екипа |
|---|---|---|
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |
| 4 | | |
| 5 | | |
| 6 | | |




## ШЕМА ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ НА 10 БОРАЧИ-БОКСЕРИ

КАТЕГОРИЈА _____ кгр.

| | Име и презиме | Клуб - екипа |
|---|---|---|
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |
| 4 | | |
| 5 | | |
| 6 | | |
| 7 | | |
| 8 | | |
| 9 | | |
| 10 | | |

